РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-7478/9

03-11-2022.2022 год.

Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016, 11/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидатот по интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Сашко Јорданов** по пат на интерен оглас број 3/2022 објавен на 20.10.2022 година година се избира на работно **УПР 01 01 Б03 000 - Помошник раководител на сектор Природа, Сектор Природа - 1 (еден) извршител;**
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 3/2022 со архивски бр.04-7478/6 од 01.11.2022 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски наш број 04-1751/10 од 17.06.2022 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-7478/1 од 14.10.2022 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 3/2022 за унапредување на 7 (седум) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 20.10.2022 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно

планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-7478/4 од 31.10.2022 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 3/2022 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-7478/5 од 01.11.2022 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-7478/6 од 01.11.2022 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 3/2022 со архивски бр. 04-7478/6 од 01.11.2022 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

Државен секретар
Каја Шукова

Изработил: Fitim Xemaili
Контролирал: Misrete Edipi

*ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*